

МАЛ МОЛИТВЕННИК

Со благослов на
Неговото Преосвештенство
Епископот делчевско-каменички г. Марко

МАЛ МОЛИТВЕНИК



Делчево 2024 година

МАЛ МОЛИТВЕНИК

Издавач:
Печатница Европа 92, Кочани

Уредник и компјутерска обработка:
Монахиња Ирина (Теофиловска)
Манастир Св. Николај Мирликиски, Стар Истевник

Печати:
Печатница Европа 92, Кочани

Тираж:
2 000 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

271.22(497.7)

МАЛ молитвеник / [уредник
Монахиња Ирина (Теофиловска)]. - Делчево:
Европа 92, 2024 (Кочани : Европа 92).
- 36 стр. ; 105мм x 148мм

ISBN 978-608-5035-09-0

а) Молитва -- Православие

COBISS.MK-ID 64795909

Пролог

МАЛИОТ МОЛИТВЕНИК кој е во вашите раце е прирачна книга со основни молитви за деца и почетници во православната вера, која треба да се чита во текот на денот и со молитвата духовно да се крепиме и да ни носи мир во душата.

Што е молитва и каква е нејзината смисла, какво е нејзиното значење сознаваме во зборовите и примерите на нашиот Господ Исус Христос. Во Евангелието се гле-

да дека Он често се молел и седел цела ноќ на молитва (*Лука* 6,12; 5,16; Матеј 26,39; Јован 7,1). Кога на едно место се молел, на молба од еден од своите ученици да ги научи како да се молат, Господ им ја кажа најпрво молитвата *Оче наш*, која е пример и углед на сите молитви.

Уште нè поучува да се молиме поединечно, насамо во својата соба или некаде насамо (Матеј 6,6), но исто така е потребно да се молиме заеднички, особено во светиот храм, со другите браќа и сестри во верата, на заедничко богослужење, особено на Светата *Литургија* бидејќи вели: Каде се собрани двајца или тројца во мое име, таму сум и јас меѓу нив (Матеј 18, 20). Потребни ни се двата вида на молитва, но една со друга не може да се замени.

УТРИНСКИ МОЛИТВИ

(Кога ќе станеш од постела, пред секоја друга работа, измиј се и застани набожно со помисла дека стоиш пред лицето на Бога, прекрсти се и прочитај ги следниве молитви).

Во името на Отецот, и Синот и Светиот Дух. Амин!

Господи Исусе Христе, Сине Божји, помилуј ме грешниот.

Господи Исусе Христе, Сине Божји, заради молитвите на Твојата Пречиста Мајка и на сите светии, помилуј нè. Амин!

Молитва кон Пресвета Троица

Слава Тебе, Боже наш, слава Тебе.

Цару небесен, Утешителу, Духу на вистината, Кој си насекаде и сè исполнуваш, ризницо на добрините, Животодавче, дојди и всели се во нас и очисти нè од секаква нечистотија и спаси ги, Благи, душите наши.

Свети Боже, свети Крепки, свети Бесмртни, помилуј нè! (Трипати)

Слава на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, сега, и секогаш, и во вековите на вековите! Амин!

Пресвета Троице, помилуј нè. Господи, очисти ги нашите гревови, Владико прости ги нашите беззаконија, Свети, посети ги и исцели ги нашите слабости, заради Твоето име.

Господи помилуј! (три пати).

Слава на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, сега, секогаш и во вековите на вековите! Амин!

Оче наш, Кој си на небесата, да се свети името Твое; да дојде царството Твое; да биде волјата Твоја, како на небото, така и на земјата; лебот наш насушен дај ни го денес и отпушти ни ги долговите наши, како што и ние им ги отпуштаме на нашите должници; и не воведувај нè во искушение, но избави нè од лукавиот, зашто Твое е царството, и силата, и славата на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, сега, секогаш и во вековите на вековите! Амин!

Откако станавме од сон, Ти се поклонуваме, Благи; ангелската песна Ти ја пееме, Силни: Свет, Свет, Свет Си, Боже, по молитвите на Богородица, смилувај се на нас.

Слава на Отецот и Синот и Светиот Дух.

Од постела и од сон ме дигна, Господи. Просвети го мојот ум и срцето и отвори ми ја устата, па да Те воспеваме, Света Троице: Свет, Свет, Свет Си, Боже, по молитвите на Богородица, помилуј нè.

И сега и секогаш и во вековите на вековите! Амин!

Ненадејно ќе дојде Судијата и делата на секого ќе се откријат, но со страв во полноќ извикуваме: Свет, Свет, Свет Си, Боже, по молитвите на Богородица, помилуј нè.

Господи помилуј! (12 пати).

Псалм 50

Помилуј ме, Боже, поради големата Твоја милост, и заради големата Твоја добрина избриши ги беззаконијата мои. Најнапред измиј ме од моето беззаконие и очисти ме од мојот грев, зашто беззаконието мое го знам и мојот грев е секогаш пред мене. Пред Тебе единствениот згрешив и пред Тебе зло извршив, за да бидеш праведлив кога ќе пресудуваш и да победиш кога ќе судиш. Ете во беззаконие сум зачнат и во грев ме роди мајката

моја. Но Ти ја засака вистината во срцето, и внатре во мене ми ја објави непознатата и тајна премудрост Твоја. Пороси ме со исоп, и ќе бидам чист; измиј ме и ќе бидам побел од снег. Дај ми да чујам радост и веселба, и ќе се зарадуваат коските мои ослабнати. Сврти го лицето Свое од гревовите мои и избриши ги сите мои беззаконија. Создај чисто срце во мене, Боже, и дух вистински обнови во мене. Не отфрлувај ме од лицето Свое и Светиот Дух Твој не одземај го од мене. Врати ми ја радоста, спасувајќи ме и со Својот моќен Дух зацврсти ме. Беззакониците ќе ги научам да одат по Твоите патишта, и безбожниците кон Тебе ќе се обрнуваат. Избави ме од крвта, Боже, на моето спасение, и јазикот мој ќе се зарадува на Твојата правда. Господи отвори ја устата моја и устата моја ќе ја објави похвалата Твоја, оти да сакаше жртва јас ќе Ти ја принесев но сепалениците не ги сакаш. Жртвата

пред Бога е смирен дух; срце понизно и смирено Ти, Боже не отфрлуваш. Господи, направи му добро на Сион, според благоволението Свое, воздигни ги ѕидовите ерусалимски. Тогаш ќе Ти бидат угодни жртвите на правдата, вознесувањата и жртвите сепаленици; тогаш на Твојот олтар ќе принесуваат телци.

Симболот на верата

Верувам, во Едниот Бог, Отец, Седржител, Творец на небото и земјата, на сѐ видливо и невидливо. И во едниот Господ Исус Христос, Син Божји Единороден, Кој е роден од Отца пред сите векови; Светлина од Светлина, Бог вистинит од Бога вистинит, роден нестворен, едносуштен на Оца, преку Кого се бидна. Кој заради нас луѓето и заради нашето спасение слезе од Небесата и се воплоти од Духот Свети и Марија Дева, и се вочовечи. Кој беше

распнат заради нас во времето на Понтиј Пилат и страдаше и беше погребан. И воскресна во третиот ден според Писмото. И се вознесе на Небесата и седи оддесно на Отца, и Кој пак ќе дојде со слава да им суди на живите и мртвите, и Неговото царство не ќе има крај. И во Духот Свети, Господ, Животворец, Кој Оца исходи, Кој со Отца и Сина е сопоклонуван и сославуван, Кој говорел преку пророците. Во едната, света, соборна и апостолска Црква; Исповедам едно крштение за отпуштање на гревовите. Го чекам воскресението на мртвите и животот во идниот век. Амин!

Секојдневна молитва на последните оптински Старци

Господи, дај ми со мир да примам сè што ќе ми донесе денов и да се предадам на Твојата Света волја. Упатувај

ме и помогни ми во секој час на овој ден. И било какви вести да добијам, научи ме да ги примам со мирна совест уверен дека е тоа Твоја Света волја. Управувај со моите мисли и чувства, и со сите мои дела и зборови. Во сè непредвидливо што ќе ме снајде, не дозволи да заборавам дека сè доаѓа од Тебе.

Научи ме правилно и разумно да се однесувам со секој член на мојата обител и со своите ближни, та никого да не растревожам и разжалостам. Господи, дај ми сила да го поднесам заморот на овој ден и сè што ќе ми се случи во текот на денот. Управувај со мојата волја и научи ме да се молам, да верувам, да се надевам, да трпам, да проштевам и сакам. Амин!

Прва молитва кон Господа на Свети Макариј Велики

Боже, очисти ме мене грешниот, зашто никогаш не сум направил добро пред Тебе, избави ме од лукавиот; да биде во мене Твојата волја, та неосудено да ја отворам мојата нечиста уста и да го восфалам Твоето свето име, на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, сега, секогаш и во вековите на вековите! Амин!

Втора молитва на Свети Макариј Велики

Од сон станав, Спасителу, и Ти принесувам полноќна песна; поклонувајќи се пред Тебе, извикувам: Не давај ми да заспијам во гревовна смрт. Ти, Кој доброволно беше распнат на крстот, крени ме мене што лежам во мрзели-

вост, побрзај да ме спасиш во бдение и молитва, за да стојам пред Тебе и да Ти се молам. А по ноќниот сон, дај да изгрее во мене безгрешен ден, Христе Боже, и спаси ме!

Трета молитва на Свети Макариј Велики

Човекољубив Владико, станав од сон и брзам да дојдам при Тебе и по Твојата милост се трудам да ги извршувам Твоите дела. Ти се молам, помагај ми во секое време и во секоја работа; избави ме од секакво светско зло и од ѓаволски искушенија. Спаси ме и воведи ме во Твоето вечно царство, зашто Ти си мојот Создател, Промислител и Дарител на секакво добро. Во Тебе е сета моја надеж, Тебе Те прославувам сега, секогаш и во вековите на вековите! Амин!

Богородице Дево

Богородице Дево, радувај се Благодатна Марије, Господ е со Тебе, благословена си Ти меѓу жените, и благословен е Плодот на Твојата Утроба, зашто си Го родила Спасителот на нашите души.

Молитва кон Ангелот чувар

Ангелу свет, ти ја просветуваш мојата несреќна душа, ти се молам, не отстапувај од мене поради мојата невоздржливост. Не дозволувај му на лукавиот демон да владее над мене. Закрепи ја мојата слаба рака и упатувај ја кон спасение. О, свети ангелу Божји, чувару и покровителу на мојата несреќна душа и на моето грешно тело, прости ми сè со што сум те на-

жалил во сите денови на мојот живот. Ако сум згрешил во изминатата ноќ, закрилувај ме во денешниов ден и запазувај ме од секакво ѓаволско искушение, та со никаков грев да не Го разгневам Бога. Моли се за мене на Господа да ме утврди во страв пред Него и да ме направи достоен слуга на Својата благост. Амин!

Молитва пред појадок

Пресвета Троице, помилуј нè. Господи, очисти ги нашите гревови, Владико прости ги нашите беззаконија, Свети, посети ги и исцели ги нашите слабости, заради Твоето име.

Слава на Отецот и Синот и Светиот Дух; и сега, и секогаш и во вековите на вековите! Амин!

Господи помилуј! (три пати).

По молитвите на светите отци наши, Господи, Исусе Христе, Боже наш, помилуј нè. Амин!

Молитва по појадок

Достојно е, навистина, да Те именуваме Блажена, Богородице, секогаш Блажена и Пречиста Мајко на нашиот Бог. Почесна од херувимите и неспоредливо пославна од серафимите, нетлено си Го родила Бога – Словото, навистина си Богородица, ние Те величаме.

Слава на Отецот и Синот и Светиот Дух; и сега, и секогаш и во вековите на вековите! Амин!

Господи помилуј! (три пати).

По молитвите на светите отци наши, Господи, Исусе Христе, Боже наш, помилуј нè. Амин!

Молитва пред ручек

Оче наш, Кој си на небесата, да се свети името Твое; да дојде царството

Твое; да биде волјата Твоја, како на небото, така и на земјата; лебот наш насушен дај ни го денес и отпушти ни ги долговите наши, како што и ние им ги отпуштаме на нашите должници; и не воведувај нè во искушение, но избави нè од лукавиот, зашто Твое е царството, и силата, и славата на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, сега, секогаш и во вековите на вековите! Амин!

Слава на Отецот и Синот и Светиот Дух; и сега, и секогаш и во вековите на вековите! Амин!

Господи помилуј! (три пати).

По молитвите на светите отци наши, Господи, Исусе Христе, Боже наш, помилуј нè. Амин!

Молитва по ручек

Ти благодариме Христе Боже наш, што нè насити со Твоите земни блага; не лишувај нè и од Твоето Небесно Царство, туку како што си дошол меѓу

Своите ученици, Спасе, дарувајќи им мир, така дојди и при нас и спаси нè.

Слава на Отецот и Синот и Светиот Дух; и сега, и секогаш и во вековите на вековите! Амин!

Господи помилуј! (три пати).

По молитвите на светите отци наши, Господи, Исусе Христе, Боже наш, помилуј нè. Амин!

Молитва пред вечера

Ќе јадат бедните и ќе се наситат, и ќе го прославаат Господа Кого Го бараат; и живи ќе им бидат срцата во сите векови.

Слава на Отецот и Синот и Светиот Дух; и сега, и секогаш и во вековите на вековите! Амин!

Господи помилуј! (три пати).

По молитвите на светите отци наши, Господи, Исусе Христе, Боже наш, помилуј нè. Амин!

Молитва по вечера

Утробата Твоја, Богородице, света трпеза стана на Лебот Небесен – Христос нашиот Бог. Секој што од Него јаде не умира, како што рече Хранителот на сè.

Слава на Отецот и Синот и Светиот Дух; и сега, и секогаш и во вековите на вековите! Амин!

Господи помилуј! (три пати).

По молитвите на светите отци наши, Господи, Исусе Христе, Боже наш, помилуј нè. Амин!

Молитва пред работа

Господи, Исусе Христе, единороден Сину на беспочетниот Отец, Ти си рекол со Својата пречиста уста: „Без Мене не можете ништо да правите“. Господи мој, Господи, верувам со сета

своја душа и срце во она што си го рекол и ѝ припаѓам на благоста Твоја. Помогни ми мене грешниот и ова дело од мене започнато, Сам Ти заврши го, во името на Отецот и Синот и Светиот Дух. Амин!

Молитва по работа

Ти си исполнување на сите добрини, Христе мој, исполни ја со радост и веселие мојата душа и спаси ме, зашто си единствен Многумилостив.

Молитва пред учење

Милостив Боже, Ти си вечната премудрост и изворот на Духовната Светлина и на знаењето. Испрати ми ја благодатта на Твојот Свет Дух, за да се просвети мојот ум и моето срце и да биде одстранета од мене секаква духов-

на мрзливост. Со Твојата благодатна помош полесно да го усвојувам полезното знаење, да го разбирам учењето, да бидам добар ученик, да не се расејувам и да не ги заборавам моите должности. Нека мојата душа биде секогаш отворена за добрата наука и за вистинското знаење. Со нив да го збогатам мојот ум, да го облагородам моето срце, да те познавам Тебе–Вистинската Мудрост и добрина, и да им послужам на блиските и на народот мој, Амин !

Молитва по учење

Ти благодарам, Создателу, што ме удостои со Твојата милост да можам внимателно да ја слушам науката што ми се предава. Спаси ги и помилуј ги моите старешини, родители и учители, кои ме водат кон познавање на вистината, а мене дарувај ми сила да можам да го продолжам полезното учење.

ВЕЧЕРНИ МОЛИТВИ

Во името на Отецот и Синот и Светиот Дух, Амин!

По молитвите на Светите отци наши, Господи Исусе Христе, Боже наш, помилуј нè. Амин!

Слава Тебе, Боже наш, слава Тебе.

Цару небесен, Утешителу, Духу на вистината, Кој си насекаде и сè исполнуваш, ризницо на добрините, Животодавче, дојди и всели се во нас и очисти нè од секаква нечистотија и спаси ги, Благи, душите наши.

Свети Боже, свети Крепки, свети Бесмртни, помилуј нè! (Трипати)

Слава на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, сега, и секогаш, и во вековите на вековите! Амин!

Пресвета Троице, помилуј нѐ. Господи, очисти ги нашите гревови, Владико прости ги нашите беззаконија, Свети, посети ги и исцели ги нашите слабости, заради Твоето име.

Господи помилуј! (Трипати)

Слава на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, сега, секогаш и во вековите на вековите! Амин!

Оче наш, Кој си на небесата, да се свети името Твое; да дојде царството Твое; да биде волјата Твоја, како на небото, така и на земјата; лебот наш насушен дај ни го денес и отпушти ни ги долговите наши, како што и ние им ги отпуштаме на нашите должници; и не воведувај нѐ во искушение, но избави нѐ од лукавиот, зашто Твое е царството, и силата, и славата на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, сега, секогаш и во вековите на вековите! Амин!

Помилуј нѐ, Господи, помилуј нѐ. Не наоѓаме никакво оправдување ние

грешните, но како на Владика Ти ја принесуваме оваа молитва: помилуј нѐ.

Слава на Отецот, и Синот, и Светиот Дух.

Господи, помилуј нѐ, на Тебе се надеваме. Не гневи се многу на нас и не спомнувај ги нашите беззаконија, туку и сега милостиво погледни и избави нѐ од нашите непријатели. Зашто Ти си нашиот Бог, а ние сме Твои луѓе. Сите сме дела на Твоите раце и кон Тебе се обрнуваме.

И сега, и секогаш и во вековите на вековите! Амин!

Дверите на милосрдието отвори ни ги, благословена Богородице, на Тебе се надеваме, да не загинеме ние што на Тебе се надеваме, туку преку Тебе од маките да се избавиме, зашто Ти си спасение на родот христијански.

Господи, помилуј! (12 пати).

Молитва на Свети Макариј Велики

Боже вечен и Цару на секое создание, Ти ме удостои да живеам до овој час, прости ми ги гревовите што ги сторив со дело, збор или помисла и осчисти ја, Господи, мојата несреќна душа од секаква телесна и духовна нечистотија. Дај ми, Господи, во оваа ноќ да имам спокоен сон, та кога ќе станам од мојата грешна постела, да му угодувам на Твоето пресвето име во сите дни од мојот живот и да ги победувам телесните и духовните непријатели кои ме напаѓаат. Господи, избави ме од лоши помисли што ме осквернуваат и од грешни желби. Зашто Твое е Царството, силата и славата на Отецот и Синот и Светиот Дух, сега, секогаш и во вековите на вековите! Амин!

Молитва друга

Господи, Боже наш, сè што згрешив во овој ден со збор, со дело или со помисла, прости ми како човекољубив. Подари ми сон мирен и безметежен; испрати го Твојот Ангел пазител, кој ќе ме штити и ќе ме засолнува од секое зло. Зашто Ти Си заштитник на душите и на телата наши, и Тебе слава Ти вознесуваме, на Отецот и Синот и Светиот Дух, и сега и секогаш и во вековите на вековите! Амин!

Молитва кон Ангелот чувар

Ангеле Христов, ти си мој свет чувар и покровител на мојата душа и моето срце; прости ми сè што сум згрешил денес и избави ме од секакво лукавство на непријателот што ме гони, та со ни-

каков грев да не Го разгневам мојот Бог. Моли се за мене грешниот слуга и направи ме достоен за благоста и милоста на Пресветата Троица, на Мајката на мојот Господ Исус Христос и на сите светии. Амин!

Молитва на свети Јоаникије

Мојата надеж е Отецот, мое засолниште – Синот, а покрив ми е Духот Свети, Троице Света, Слава ти.

Достојно е, навистина, да Те именуваме Блажена, Богородице, секогаш Блажена и Пречиста Мајко на нашиот Бог. Почесна од херувимите и неспоредливо пославна од серафимите, нетлено си Го родила Бога – Словото, навистина си Богородица, ние Те величаме.

Молитва кон Господа Исуса при патување

Господи Исусе Христе, Боже наш, Кој си дошол на земјата за да ни го покажеш патот на вистината и да нè воведеш во Царството на Твојот небесен живот, благослови ме и биди со мене за сето време на моето патување. Твојата крепка и спасоносна рака да ми биде на помош за да можам радосен, со вера и надеж на Твојата љубов да стигнам таму, каде што сум намислил. Ти се молам, преблаги Господи, да ми го испратиш Твојот ангел чувар. Тој да патува заедно со мене и да ме чува. Отстрани ги од мене сите пречки, несреќи и искушенија. Испрати ми добри другари, мирни среќавања, за да можам за сето време на моето патување и во целиот свој живот да Те прославувам Тебе, мојот Спасител и Бог. Амин!

Молитва кон Пресвета Богородица при патување

О, Пресвета Владичице моја, Дево Богородице, Патеводителко, Закрилнице и надеж на моето спасение. Благослови ме да појдам на овој пат, Тебе Ти ги предавам и мојата душа и моето тело. Се доверувам на Твојата грижа и на Твојата сесилна помош. Од сè срце Те молам, милостива Мајко, води ме на овој пат, чувај ме од секаква несреќа и тага, од видливи и невидливи непријатели. Моли Го, Богородице, милостивиот Бог, Кој во старо време му го пратил ангелот Рафаил на својот слуга Товија, по патот да го чува од секакво зло, и мене сега, да ми испрати ангел учител и патеводач, та да ме чува при патувањето и да ме врати дома здрав и спокоен, за слава на Неговото свето име. Јас ќе Го прославувам во сите дни

на мојот живот, а Тебе ќе Те воспевам, Владичице, сега, секогаш и во вековите на вековите! Амин!

Молитви за живите

Спомни ја Господи Исусе Христе, Боже наш, Твојата вечна милост, поради која си станал човек, си претрпел распнување и смрт, за да ги спасиш оние што ќе поверуваат во Тебе; си воскреснал од мртвите, си се вознел на небесата, седиш оддесно на Бога Отецот и милостиво погледнуваш кон оние што Те викаат од сè срце. Приклони го Твоето уво и послушај ја мојата молба за сите луѓе како пријатно духовно благоухание.

Пред сè, спомни си за Твојата Света, Соборна и Апостолска Црква што си ја спечалил со Твојата скапоцена крв. Утврди ја, закрепи ја, рашири ја и зголеми ја, сочувај ја непобедлива од пекол-



ните сили. Прекрати ја разделеноста во Црквата. Смири го непријателското бранување меѓу народите, искорени ги сите ереси со силата на Твојот Свет Дух.

Спаси го, Господи, благочестивиот православен народ наш, управителите и христољубивото воинство. Огради ја со мир нивната власт и покори го под нивните нозе секој непријател и противник. Всади им го во срцата она што е добро за мирот и напредокот на Твојата Света Црква и на сиот Твој народ, та и ние во нивниот спокој да преживееме тивок и безгрижен живот во правоверност, набожност и чистота.

Спаси го, Господи, и помилуј мојот духовен отец (името) и по неговите свети молитви, прости ми ги моите прегрешенија.

Спаси ги, Господи, и помилуј старите и младите, сиромасите, сираците и вдовиците, болните и несреќните, посети ги, закрепи ги и утеши ги. Преку

Твојата милост и сила, дарувај им помош и олеснување.

Спомни ги, Господи, оние што ме мразат и навредуваат, што ми прават зло, помилувај ги и не ги оставај да загинат поради мене, грешниот.

Отстапниците од Светата православна вера и заблудените еретици просвети ги со светлината на Твоето учење и прибери ги во Твојата света, вселенска и апостолска Црква. Амин!

Молитва за починатите

Спомни ги, Господи, душите на Твоите упокоени чеда, моите родители (ако се починати) и сите роднини и прости им ги волните и неволните согрешенија. Дозволи им да влезат во Царството Небесно, да учествуваат во сите Твои богатства и да се насладуваат на Твојот бескраен и блажен живот.

Спомни ги, Господи, сите што по-

чинале со надеж на воскресение и вечен живот. Спомни ги нашите отци, браќа и сестри, сите православни христијани, што лежат тука и насекаде и насели ги заедно со Твоите светии таму, каде што сјае светлината на Твоето лице, а нас помилувај нѐ како благ и човекољубив. Амин!

Даруј им, Господи простување на гревовите на сите наши отци, браќа и сестри кои пред нас се преселиле во вечноста со вера и надеж на воскресение и споменот за нив направи го вечен (трипати).

Крај и слава на Бога!

ЗАБЕЛЕШКИ: